Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-202/6
Датум: 28.04.2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-202/1 од 11.2.2026 година поднесена од ---- против ---- за заштита од дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на ---- кон ----.

## О б р а з л о ж е н и е

На 11.2.2026 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на подносителот ---- против ---- – в.д. директор на ООУ ---- врз основа на политичко уверување.

Подносителот на претставката наведува дека е вработен како библиотекар на неопределено работно време во ООУ ----. Тој се жали дека врз него се врши притисок, дискриминација и мобинг на работното место од страна на в.д. директорката ----. Според наводите во претставката, **директорката откако ја презела функцијата почнала да му врши притисок и да му се заканува дека ќе го отстрани од неговото работно место библиотекар, иако за тоа место има решение за вработување на неопределено време.** Тој тврди дека директорката се обидува против негова волја да го премести на друго работно место како нејзина замена, како одделенски наставник во подрачното училиште ----. Подносителот наведува дека и покрај претходни претставки до надлежните институции, притисоците продолжиле. Посочува дека по неговите пријави постапувале Државниот просветен инспекторат и Државниот инспекторат за труд, кои донеле одлуки и записници, но според него директорката не ги почитува нивните одлуки. Тој исто така наведува дека, иако бил на боледување со лекарска препорака, на 26.12.2025 година по пошта добил писмено предупредување од директорката, кое го смета за незаконско. Според него, на 22.12.2025 година директорката му се заканила на работното место и го пријавила во МВР – ----, бидејќи не сакал да го напушти работното место библиотекар. Поради притисокот истиот ден побарал лекарска помош и од тогаш бил на боледување. Понатаму наведува дека на 20.1.2026 година директорката наредила да се смени бравата на бибилиотеката, со што му бил оневозможен пристап до неговото работно место. Во меѓувреме, според него, на неговото работно место биле ангажирани други лица без соодветна постапка, а била донесена и нова систематизација со која друго лице било поставено на работното

место библиотекар. Подносителот истакнува дека поради овие настани му се влошила здравствената состојба и дека не се согласува со одлуките за негово прераспоредување. Тој бара да биде вратен на своето работно место библиотекар, согласно решението за вработување од 5. 9.2018 година и да престане вознемирувањето од страна на директорката. Во претставката наведува дека за случајот ги известил Советот на училиштето, Советот на родители, Општина ---- и други надлежни институции, а поднел и тужба пред Основниот суд во ----, со цел да ја заштити својата законска позиција и правата од работниот однос.

Во прилог на претставката беа доставени следните докази:

- Лекарски извештај за оправдано отсуство од работното место;
- Извештај од специјалист – психолог за неговата здравствена и емотивна состојба;
- Решение за распоредување на работник со бр. ----;
- Решение за распоредување на работник со бр. ----;
- Писмено предупредување од страна на в.д. директор ----;
- Претставки до Училишен совет, Општина ----, Народен правобранител, Државен просветен инспекторат и Државен инспекторат за труд;
- Известување од Држвен просветен инспекторат и Државен инспекторат за труд и
- Известување за покренување постапка од страна на Народен правобранител.

Солгасно член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот. Имајќи предвид дека во претставката како дискриминаторска основа беше посочено политичкото уверување, подносителот со Барањето беше задолжен истото да го појасни.

Во поднесокот за доуредување на претставката подносителот дополнително појаснува дека дискриминацијата што ја пријавува, според него **се темели на политичка припадност и политички мотивирана одмазда.** Информира дека **претходно, од 1.2.2022 година директорка на училиштето била неговата сопруга** ----. Според него, **таа била незаконски разрешена** на 15.12.2025 година од страна на градоначалникот на Општина ----. Тој смета дека таквото разрешување **се базира на политички причини.** По тоа за вршител на должност директор била назначена ----, која, како што тврди била политички поддржувач на градоначалникот, а воедно не ги исполнувала условите за таа функција. Подносителот истакнува дека незаконитоста на разрешувањето на неговата сопруга била утврдена и со вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат, за што бил составен записник, а постапка била покрената и пред Државната комисија за одлучување во управна постапка во втор степен. Во поднесокот наведува дека **на локалните избори неговото семејство не го поддржало актуелниот градоначалник, туку неговиот противкандидат, поради што**

**смета дека преку новоименуваната в.д. директорка се врши политичка одмазда и врз него**, со цел да биде отстранет од работното место библиотекар. Според наводите на подносителот, три дена по назначувањето на ---- за в.д. директор, на 18.12.2025 година таа го повикала во канцеларија и му соопштила дека ќе биде прераспореден на друго работно место со ново решение за распоредување. Тој наведува дека одбил да ја прифати и потпише одлуката бидејќи ја сметал за незаконска и инсистирал да остане на работното место библиотекар.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до в.д. директорката достави Барање за произнесување по претставката.

Во поднесокот за произнесување по претставката се наведува дека во училиштето немало случај на мобинг, дискриминација или притисок на работното место. Во текот на работниот однос професионалните односи се развивале согласно Законот за основното образование, важечките прописи и етичките норми на институцијта. Според наведеното не била евидентирана никаква официјална жалба, записник, извештај или доказ. Односно се појснува дека нема докази за такви дејствија. Понатаму се наведува дека училиштето гарантира еднаков третман, почитување и фер работна средина за сите вработени, како и дека секогаш дејствува на транспарентен и законски начин. Поради тоа во поднесокот се тврди дека обвинувањата се неосновани и непоткрепени со факти и докази.

Во прилог кон поднесокот се доставени:

- Записник од Државен инспекторат за труд со бр. ---- година;
- Записник од Државен инспекторат за труд со бр. ---- година;
- Записник од Државен инспекторат за труд со бр. ---- година и
- Решение на Државен инспекторат за труд.

Врз основа на наводите изнесени во претставката, наводите содржани во произнесувањето на в.д. директорката, како и доставените докази се утврдува дека во конкретниот случај постои **директна дискриминација кон подносителот врз основа на неговото политичко уверување**. Имено, подносителот сторил веројатно дека кон него биле преземени неповолни дејствија во врска со неговото работно место и работниот однос кај работодавачот. За истото веќе се обратил до надлежните институции, кое нешто произлегува од доставените докази. Дополнително, од наводите на подносителот произлегува дека ваквите постапувања започнале **непосредно по доаѓањето на новата в.д. директорка на училиштето**, што укажува на постоење на одреден контекст и околности кои создаваат веројатнос дека ваквото постапување е поврзано со неговото или **политичкото уверување** на неговата сопруга. Дополнително, постојат и други околности кои упатуваат на причинско-последична врска помеѓу третманот на работодавачот, односно в.д. директорката кон

подносителот и неговото политичко уверување. Во таа смисла, особено предвид беше земен следот на настани поврзани со сопругата на подносителот, како тоа дека таа била поранешна директорка на истото училиште, начинот на нејзиното разрешување по изборот на новиот градоначалник и назначувањето на новата в.д. директорка која во случајот е посочена како дискриминаторка. Предвид беше земен фактот дека подносителот и неговото семејство не го поддржале актуелниот градоначалник на локалните избори, туку неговиот противкандидат. Овие околности, разгледани во контекст на работниот однос на подносителот, претставуваат дополнителни индиции кои ја засилуваат веројатноста дека неповолниот третман кон него е поврзан со неговата или политичката припадност/ политичко уверување на неговата сопругаа. Со тоа, подносителот го сторил веројатно тврдењето за дискриминација врз основа на дискриминаторската основа – политичко уверување.

Согласно правилата за товарот на докажување во постапките за заштита од дискриминација, откако подносителот ќе стори веројатно дека постои дискриминација, **товарот на докажување преминува на потенцијалниот дискриминатор**, кој треба да докаже дека различниот третман не се заснова на дискриминаторската основа.

Во конкретниот случај, од произнесувањето на в.д. директорката ---- произлегува дека таа **не се осврнува суштински на наводите на подносителот дека третманот кон него е резултат на неговото или политичкото уверување на неговата сопруга**. Наместо тоа, наводите во поднесокот за произнесување се однесуваат на негирање на наводите од претставката и тврдења за законито и еднакво работење во училиштето. Со таквиот пристап, посочената како дискриминаторка не успеа да докаже дека во случајот не станува збор за дискриминација, иако товарот да го докаже истото бил на нејзина страна.

Оттука, имајќи го предвид наведеното, се утврдува дека во конкретниот случај е сторена **директна дискриминација врз основа на политичко уверување** кон подносителот на претставката.

Дискриминација согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Како и **дека е прекршен член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**: „***Се забранува секоја дискриминација врз основа на*** *раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување,* ***политичко уверување****, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).*“

Односно **извршена е директна дискриминација како облик на дискриминација, која согласно член 8, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**: *„постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“*

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење и согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** в.д. директорката на ООУ ---- , ----да ги почитува правата од работниот однос на ---- на еднаква основа со останатите вработени во училиштето, без разлика на неговото политичко уверување или било која друга дискриминаторска основа, како и во иднина да се воздржи од преземање на какви било дејствија или практики кои можат да доведат до дискриминација врз вработениот и да обезбеди доследна примена на принципот на еднаквост и недискриминација во своето работење.

**Доколку в.д. директорката на ООУ ---- – ---- не ја почитува оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.**

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ